РЕГИОНАЛЕН БИЛТЕН

АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ:
КРАТОВО, КРИВА ПАЛАНКА, РАНКОВЦЕ И СТАРО НАГОРИЧАНЕ
Месец ноември 2020



Здружение “Регионален центар за одржлив развој“ Кратово
Проект: “Ефективна локална самоуправа – интерес на граѓаните“ поддржан од програмата на Цивика мобилитас

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Здружението “Регионален центар за одржлив развој“ – Кратово, во рамките на програмата на Цивика мобилитас за мали акциски грантови започна со имплементирање на проектот “Ефикасна локална самоуправа - интерес на граѓаните“ во време траење од 6 (шест) месеци завршно со 05.02.2021 година со вкупен буџет од 330.000 денари.

Соработници во проектот: Локални самоуправи и Совети на општините: Кратово, Крива Паланка, Ранковце, Старо Нагоричане; ЛАГ “Осоговски Лисец“ - Ранковце, ГО “Козјачија во срцето“ – Старо Нагоричане и ГО “Спектар“ од Крива Паланка.

Општа цел на проектот: Учество на граѓанските организации во креирање и донесување одлуки кон подобрени политики и практики на локално ниво.

Специфична цел: Зајакнување на степенот на соработката помеѓу ГО и ЕЛС преку транспарентно, отчетно и одговорно работење на Советите и општините Кратово, Крива Паланка, Ранковце и Старо Нагоричане.

Проектни активности:

Спроведување на анкета за степенот на информирање на граѓаните за работата на Советите на општините;

Сумирање на резултати од анкета, подготовка на анализа, предлози и препораки до Советите на општините;

Мониторинг на работата на општинските Совети и покренати граѓански иницијативи;

Организирање на јавна дебата „Колку мојот советник ги застапува моите права“;

Организирање на работилница "Советникот како лидер, комуникатор, финансиер и имплементатор на политики“;

Потпишување и дистрибуција на Етички кодекс за локални функционери;

Тековно информирање на јавноста за работата на општинските Совети, начинот на носење на одлуки и вклучување на јавноста во овој процес;

Отварање на Веб страна на здружението РЦОР Кратово;

Печатење на “Регионален билтен“;

РАБОТИЛНИЦА

на тема

"Советникот како лидер, комуникатор, финансиер и имплементатор на политики“

Работилницата се одржа на ден 14.10. 2020, со почеток од 12,00 часот во Регионалниот Центар за одржлив развој во Кратово (ресторан “Кратовски мерак“) со највисоко ниво на запазување на сите пропишани мерки и протоколи дадени од страна на Министерство за здравство на нашата земја во врска со пандемијата COVID 19 за оддржување на вакви настани.

Целта на работилницата беше да се обезбеди инфомација, пристап и алатки за зголемување на ефикасноста на општинските советници во процесите на вклучување и комуникација со граѓаните при создавањето и спроведувањето на локалните политики.

Оваа потреба произлегува од основниот постулат на демократијата – вклучувањето на граѓаните во создавањето и спроведувањето на политиките. За да се обезбеди ефикасно вклучување на граѓаните потребно е да се унапреди пристапот и алатките за комуникација со граѓаните и трансформирање на нивните потреби, ставови и очекувања во реални развојни политики. Ова е можно доколку советниците успеат ефикасно да ги информираат граѓаните за функционирањето на Советите, јавната администрација и нивните граѓански права, но и за можностите за нивниот придонес во унапредување на работата на локалната власт и социјалното, економското, културното и еколошко живеење и развој. Притоа, советниците имаат водечка улога во обезбедување на средина за активно и ефикасно комуницирање и вклучување на граѓаните.

Активното комуницирање и вклучување на граѓаните преку формите на граѓанско здружување игра значајна улога во нивниот развој во одговорни граѓани кои се ко-создавачи но и монитори на создадените и спроведуваните политики.

Ваквиот развој на граѓанска свест резултира истотака и со подобрување на ефикасноста на јавната администрација.

Работилницата се фокусираше на пристапи и начини на употреба на ефикасни алатки за комуникација и вклучување на граѓаните во процесите на создавање и спроведување на политиките на локалната власт.

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Партиципативноста на граѓаните и спроведување на локалните политики

Кој е одговорен за локалните надлежности?

- Совет на општината
- Градоначалник
- Општинска администрација

Совет на општина

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање; на оп-



штината, во рамките утврдени со закон;

- Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа;
- Именува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основа;
- Усвојува програми за работа и финансиски планови за јавните служби;

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
- Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;
- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината,
- Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на МВР;
- Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност;
- Дава препораки до МВР од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;

Градоначалник

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Ги објавува прописите на советот во службеното гласило;



CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Иницира и предлага донесување на прописи од надлежност на советот;
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;
- Го извршува буџетот на општината;
- Избира директори на јавните служби, врз основа на јавен конкурс;
- Редовно го известува советот за извршувањето на надлежностите;
- Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон;
- Раководи со општинската администрација;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;



Општинска администрација и јавни служби

- Ги подготвува актите за советот и градоначалникот;
- Ги подготвува седниците на советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- Врши стручни работи за советот и за градоначалникот;
- Го води сметководството на општината;
- Ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон;
- Ракува со документите на општината, и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија и
- Врши и други работи што ќе и ги определи советот и градоначалникот;

Кој влијае на донесување на одлуки во советот ?

- Политичките партии
- Градоначалникот
- Советници
- Локални моќници/бизнисмени
- Локални криминалци
- Јавното мислење



Регионален центар
за одржлив развој
Кратово

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Совет на општина Кратово

Претседател на Советот е: 1. Слободан Постолов – СДСМ; 2. Влатко Постолов – СДСМ; 3. Златко Стојановски – СПМ; 4. Ранко Арсов – СДСМ; 5. Тодорче Кировски – СДСМ; 6. Наташа Митевска – ЛДП; 7. Сања Милевска – СДСМ; 8. Драган Зафировски – ВМРО-ДПМНЕ; 9. Горан Ристовски – ВМРО-ДПМНЕ; 10. Томче Димитровски – СДСМ; 11. Свете Стојмановски – СДСМ; 12. Габриела Илиевска – СДСМ; 13. Даниела Николовска – СПМ; 14. Владо Захариевски – СПМ; 15. Сашка Милошева – СПМ;

Совет на општина Крива Паланка

Претседател на Советот е: 1. Изабела Павловска – СДСМ; 2. Славчо Тодоровски – СДСМ; 3. Сретимир Николовски – ДОМ; 4. Влатко Ристовски – НСДП; 5. Тања Дејановска Митровска – СДСМ; 6. Анета Димитровски – СДСМ; 7. Љупчо Јосимовски – СДСМ; 8. Катерина Митовска Наковска - СДСМ 9. Драган Димитриевски – СДСМ; 10. Емилија Младеновска – СДСМ; 11. Велинче Ангеловски – СДСМ; 12. Даниела Стојановска – СДСМ; 13. Игор Тодоровски – ВМРО-ДПМНЕ; 14. Александар Рангелов – ВМРО-ДПМНЕ; 15. Елена Митевска Давидовска – ВМРО-ДПМНЕ; 16. Роберт Јакимовски ВМРО-ДПМНЕ; 17. Бојан Мицевски – ВМРО-ДПМНЕ; 18. Марија Трајковска Стефановска – ВМРО-ДПМНЕ; 19. Тони Јакимовски – ГРОМ;

Совет на општина Ранковце

Претседател на Советот е: 1. Горан Младеновски – СДСМ; 2. Жаклина Стефановска – СДСМ; 3. Игорче Лазаревски – СДСМ; 4. Сузана Спасовска – ВМРО-ДПМНЕ; 5. Моме Спасовски – ВМРО-ДПМНЕ; 6. Александар Бошковски – ВМРО-ДПМНЕ; 7. Димитар Цветковски; 8. Маре Тодоровска; 9. Наташа Јовановска – независни кандидати.

Совет на општина Старо Нагоричане

Претседател на Советот е: 1. Јовица Јанчиќ – СДСМ; 2. Бобан Цветановски – СДСМ; 3. Ивица Петрушевиќ – СДСМ; 4. Тања Јовановска – СДСМ; 5. Игор Душановски – ВМРО-ДПМНЕ; 6. Драган Спасиќ –ВМРО-ДПМНЕ; 7. Тони Митровски – НДМ; 8. Ивана Тодевска – група избирачи 9. Саша Алексиќ – група избирачи.

"Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на здружението "Регионален центар за одржлив развој" Кратово и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат"

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*